# СЛУЖБ[...]

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕР[...]А

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно на хрватскосрпски, словенечки и на македонски јазик — Огласи според тарифата — Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство за претплата, посебни изданија и огласи 608-3-291-2

Среда, 5 април 1967
БЕЛГРАД
БРОЈ 15 ГОД. XXIII

Цена на овој број е 0,75 (75) дин. — Аконтацијата на претплатата за 1967 година изнесува 38 (3.800) дин. — Редакција: Улица Јована Ристића бр. 1. Пошт. фах. 226 — Телефони: централа 50-931, 50-932, 50-933 и 51-661; Служба за претплата 51-732, Продајна служба 51-671


2

**223.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## У К А З

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Кривичниот законик, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 28 февруари 1967 година и на седницата на Организационо-политичкиот собор од 28 март 1967 година.

П.Р. бр. 548
29 март 1967 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Едвард Кардељ,** с. р.

## З А К О Н

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

Член 1

Во Кривичниот законик („Службен лист на ФНРЈ", бр. 30/59, 11/62 и 31/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65) во членот 37 став 1 зборовите: „три илјади динари" се заменуваат со зборовите: „шеесет динари", зборовите: „пет стотини илјади динари" — со зборовите: „десет илјади динари" и зборовите: „три милиони динари" — со зборовите: „педесет илјади динари".

Член 2

Во членот 45 став 3 зборовите: „илјада динари" се заменуваат со зборовите: „триесет динари".

Член 3

Во членот 59 став 2 зборовите: „една илјада динари" се заменуваат со зборовите: „триесет динари".

Член 4

Во членот 61в став 3 зборовите: „од една до пет години" се заменуваат со зборовите: „од три месеци до пет години".

Член 5

Во членот 213 став 1 зборовите: „сто илјади динари" се заменуваат со зборовите: „три илјади динари".

Член 6

Во членот 231 став 2 зборовите: „пет илјади динари" се заменуваат со зборовите: „двесте и педесет динари".

Член 7

Во членот 235 став 1 зборовите: „педесет илјади динари" се заменуваат со зборовите: „две илјади динари".

Во ставот 2 зборовите: „триста илјади динари" се заменуваат со зборовите: „десет илјади динари".

Член 8

Во членот 246а став 2 зборовите: „педесет илјади динари" се заменуваат со зборовите: „две илјади динари".

Член 9

Во членот 250 став 2 зборовите: „триста илјади динари" се заменуваат со зборовите: „десет илјади динари".

Член 10

Во членот 254 став 3 зборовите: „триста илјади динари" се заменуваат со зборовите: „десет илјади динари".

Член 11

Во членот 255 став 1 зборовите: „еден милион динари" се заменуваат со зборовите: „триесет илјади динари".

Член 12

Во членот 257 став 2 зборовите: „триста илјади динари" се заменуваат со зборовите: „десет илјади динари".

Член 13

Во членот 257а став 1 зборовите: „сто илјади динари" се заменуваат со зборовите: „три илјади динари".

Член 14

Во членот 258 став 2 зборовите: „триста илјади динари" се заменуваат со зборовите: „десет илјади динари".

Член 15

Во членот 259 став 2 зборовите: „пет илјади динари" се заменуваат со зборовите: „двесте и педесет динари".

Член 16

По членот 292а се додава нов наслов над членот и нов член 292б, кои гласат:

„Насилничко однесување на јавно место

Член 292б

Тој што на јавно место со грубо навредување или злоставување на друг, со вршење насилби спрема друг, со предизвикување тепачка, со дрско или безобзирно однесување на друг начин го загрозува спокојството на граѓани или го растројува јавниот ред, а неговиот поранешен живот укажува на склоноста кон вакво однесување, ќе се казни со затвор најмалку три месеци."

Член 17

Во членот 314а став 2 зборовите: „триста илјади динари" се заменуваат со зборовите: „десет илјади динари".

Член 18

Во членот 317 став 1 зборовите: „сто илјади динари" се заменуваат со зборовите: „три илјади динари".

Член 19

Во членот 318а став 2 зборовите: „триста илјади динари" се заменуваат со зборовите: „десет илјади динари".

Член 20

Во членот 322 став 2 зборовите: „триста илјади динари" се заменуваат со зборовите: „десет илјади динари".

Член 21

Во членот 347а став 2 зборовите: „триста илјади динари" се заменуваат со зборовите: „десет илјади динари".

Член 22

Ако е до денот на влегувањето во сила на овој закон поднесен обвинителен акт пред окружен суд за кривично дело за кое е, со оглед на измената на паричниот износ предвидена во овој закон, надлежен општински суд, за судење останува надлежен окружниот суд. Ако во таков случај вишиот суд ја укине пресудата на окружниот суд и му го упати предметот на повторно судење, понатамошната постапка и новиот претрес ќе се спроведат пред општинскиот суд.

Член 23

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**224.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА ПРЕКРШОЦИТЕ

Се прогласува Законот за измени на Основниот закон за прекршоците, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 28 февруари 1967 година и на седницата на Организационо-политичкиот собор од 28 март 1967 година.

П.Р. бр. 549
29 март 1967 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито, с. р.**

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Едвард Кардељ, с. р.**

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНИ НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА ПРЕКРШОЦИТЕ

Член 1

Во Основниот закон за прекршоците („Службен лист на СФРЈ", бр. 26/65) во членот 7 став 1 зборовите: „од 100 динари ниту поголем од 50.000 динари" се заменуваат со зборовите: „од 5 динари ниту поголем од 500 динари".

Член 2

Во членот 11 ставот 3 се брише.

Член 3

Во членот 28 став 1 зборовите: „илјада динари" се заменуваат со зборовите: „триесет динари".

Член 4

Членот 40 се брише.

Член 5

Во членот 41 зборовите: „и заштитната мерка упатување на престој во определено место" се бришат, а зборовите: „не можат да и се изречат" се заменуваат со зборовите: „не може да и се изрече".

Член 6

Во членот 46 ставот 2 се брише.

Досегашните ст. 3 и 4 стануваат ст. 2 и 3, со тоа што во новиот став 2 зборовите: „ст. 1 и 2" се заменуваат со зборовите: „ставот 1", а во новиот став 3 зборовите: „ст. 1 и 2" се заменуваат со зборовите: „ставот 1".

Член 7

Во членот 98 став 1 по зборот: „избега" зборовите до крајот на ставот се бришат.

Член 8

Во членот 144 став 2 по зборовите: „казната затвор" зборовите до крајот на ставот се бришат.

Член 9

Во членот 146 точка 1 зборовите: „или заштитната мерка упатување на престој во определено место" се бришат.

Член 10

Во членот 155 став 1 бројот: „5.000" се заменува со бројот: „100", а бројот: „500" — со бројот: „20".

Член 11

Во членот 157 ставот 4 се брише.

Член 12

Во членот 158 став 1 точка 4 зборовите: „заштитната мерка упатување на престој во определено место и" се бришат.

Член 13

Во членот 161 став 2 зборовите: „или на заштитната мерка упатување на престој во определено место" се бришат.

Член 14

Членот 163 се брише.

Член 15

Во членот 166 став 1 зборовите: „и заштитната мерка упатување на престој во определено место" се бришат, а зборот: „извршуваат" се заменува со зборот: „извршува".

Член 16

Членот 173 се брише.

Член 17

Во членот 175 ставот 2 се менува и гласи:

„(2) Се овластува сојузниот секретар за правосудство да донесе поблиски прописи за трошоците на постапката и извршувањето."

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„(3) Правилата за внатрешното работење (Деловник за прекршочната постапка) на органите за водење прекршочната постапка ги донесува старешината на републичкиот орган на управата надлежен за правосудството."

Член 18

Заштитната мерка упатување на престој во определено место што е изречена до денот на влегува-

њето во сила на овој закон, нема да се изврши, а ако е нејзиното извршување во тек — ќе се запре.

Член 19

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**225.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА ПРАВОСУДНИОТ ИСПИТ

Се прогласува Основниот закон за правосудниот испит, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 28 февруари 1967 година и на седницата на Организационо-политичкиот собор од 28 март 1967 година.

П.Р. бр. 550
29 март 1967 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Едвард Кардељ**, с. р.

## ОСНОВЕН ЗАКОН
### ЗА ПРАВОСУДНИОТ ИСПИТ

Член 1

Правосуден испит е стручен испит што го полагаат дипломирани правници заради здобивање со услови за вршење определени должности.

Член 2

Правосуден испит можат да полагаат лица што како дипломирани правници работеле две години на правни работи во суд или во адвокатска канцеларија.

Правосуден испит можат да полагаат и лица што како дипломирани правници работеле две години на правни работи во државен орган или во работна или друга организација, а од тоа најмалку една година во општински суд, окружен суд, окружен стопански суд, првостепен воен суд или во адвокатска канцеларија.

Правосуден испит можат да полагаат и лица што како дипломирани правници работеле четири години на правни работи во државен орган или во работна или друга организација.

Член 3

Судовите примаат на практика лица што се на работа во државен орган или во работна или друга организација, а практиката им е потребна заради полагање правосуден испит.

Судовите примаат на практика и дипломирани правници што не се на работа во државен орган или во работна или друга организација, заради здобивање со практика за полагање правосуден испит.

Со републички пропис се определуваат начинот и условите за прием на лицата од ст. 1 и 2 на овој член на практика во судовите.

Член 4

На правосудниот испит се проверува способноста на кандидатот за самостојно вршење правни работи.

Правосудниот испит се полага писмено и усно.

Писмениот дел од правосудниот испит се полага по кривично право и по граѓанско право.

Усниот дел од правосудниот испит се полага по:

1) кривично право (материјално и процесно);

2) граѓанско право (материјално и процесно) и семејно право;

3) стопанско право;

4) управно право;

5) трудово право;

6) уставен систем и организација на правосудството.

Член 5

Правосудниот испит се полага пред испитна комисија, што ја формира републичкиот орган на управата надлежен за работите на правосудството.

Член 6

Со положен правосуден испит се изедначува испитот што офицерите на правната служба и воените службеници на Југословенската народна армија, како дипломирани правници, ќе го положат за чин мајор односно воен службеник од III класа на правната служба, според програмата што ги опфаќа и предметите наведени во членот 4 на овој закон.

Член 7

Со правосудниот испит, во смисла на овој закон, се изедначува судискиот или адвокатскиот испит положен според прописите што биле во сила до денот на влегувањето во сила на овој закон, како и другите испити што според досегашните прописи биле изедначени со судискиот односно адвокатскиот испит.

Член 8

Со лицата што положиле правосуден испит се изедначуваат во правата:

1) лицата што како дипломирани правници се избрани односно именувани до 1 јануари 1959 година за судија, арбитар на државна арбитража, јавен или воен обвинител, јавен правобранител или нивни заменик или помошник, секретар или виш референт или советник на врховен суд, и кои на овие должности поминале повеќе од пет години;

2) лицата што се како дипломирани правници именувани односно назначени до 1 јануари 1959 година за вршење истражни и извидни работи во службата на јавната или државната безбедност и кои на овие работи работеле повеќе од пет години;

3) лицата што до денот на влегувањето во сила на овој закон како дипломирани правници работеле пет години на правни работи во Југословенската народна армија или во други органи или организации и положиле испит за чин капетан или повисок чин на офицер на правната служба.

Член 9

Лицата што ги исполнуваат условите од чл. 6, 7 или 8 на овој закон можат да бараат од републичкиот орган на управата надлежен за работите на правосудството да го утврди со решение постоењето на правата што им припаѓаат врз основа на наведените одредби.

Член 10

Лицата што како дипломирани правници положиле стручен испит за звање на управни службеници, чие полагање според поранешните прописи било условено со спрема на правен факултет, можат во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон да полагаат правосуден испит по скратена програма, ако по завршениот правен фа-

култет најмалку четири години работеле на правни работи во државен орган, работна или друга организација.

На правосудниот испит од ставот 1 на овој член се полага писмениот дел од правосудниот испит во целина, а усниот испит — само по кривично (материјално и процесно) право, граѓанско (материјално и процесно) право и семејно право.

Член 11

До донесувањето на републичките закони за правосудниот испит ќе се применуваат одредбите од чл. 6 до 21 на Уредбата за судискиот испит („Службен лист на ФНРЈ", бр. 57/55), доколку не се во спротивност со овој закон.

Член 12

Лицата што се пријавиле да полагаат судиски односно адвокатски испит до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе полагаат правосуден испит според програмата предвидена во членот 2 на Уредбата за судискиот испит односно во чл. 2 и 3 на Правилникот за полагањето на адвокатскиот испит („Службен лист на ФНРЈ", бр. 44/59).

Член 13

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат одредбите од чл. 15 до 21 на Законот за адвокатурата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 15/57 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 51/65) и Правилникот за полагањето на адвокатскиот испит, доколку со овој закон не е определено поинаку.

Во поглед приправничката практика и адвокатскиот испит предвидени во членот 13 точ. 4 и 5 на Законот за адвокатурата ќе се применуваат одредбите од овој закон.

Член 14

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**226.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА ПРИДОНЕСИТЕ И ДАНОЦИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ

Се прогласува Законот за дополнение на Основниот закон за придонесите и даноците на граѓаните, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 24 март 1967 година и на седницата на Стопанскиот собор од 28 март 1967 година.

П.Р. бр. 552
29 март 1967 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Едвард Кардељ**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА ПРИДОНЕСИТЕ И ДАНОЦИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ

Член 1

Во Основниот закон за придонесите и даноците на граѓаните („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/64 и 52/66) во членот 34 се додаваат пет нови ставови, кои гласат:

„По исклучок од ставот 1 на овој член, странски државјани, странски приватни правни лица и странски организации (во понатамошниот текст: странски лица) што во Југославија ќе остварат приход со изведување инвестициони работи врз основа на меѓународен конкурс, плаќаат данок на добивка по стопа од 35%.

Добивката на која се плаќа данок според ставот 2 на овој член ја сочинува вкупниот приход што странски лица ќе го остварат со изведување на инвестициони работи во Југославија, намален за трошоците на работењето и за личните доходи на работниците запослени на односните работи.

Данокот на добивка од ставот 2 на овој член е приход на федерацијата.

Покрај данокот од ставот 2 на овој член, странски лица ги плаќаат и оние посебни придонеси што ги плаќаат југословенски стопански организации, а што ќе ги определи Сојузниот извршен совет.

Поблиски прописи за утврдување на вкупниот приход и добивката и за контрола на пресметувањето и плаќањето на данокот на добивка од ставот 2 и посебните придонеси од ставот 5 на овој член донесува Сојузниот извршен совет."

Член 2

По членот 34 се додава нов член 34а, кој гласи:

„Добивката на странски лица од членот 34 став 3 на овој закон се утврдува за секоја календарска година посебно врз основа на завршната сметка што странско лице е должно да ја состави според одредбите на Законот за општественото книговодство („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/65 и 57/65) и прописите донесени врз основа на тој закон.

Во текот на годината, до донесување на завршната сметка, странско лице е должно по истекот на секое тримесечје да уплатува аконтации од данокот на добивка врз основа на периодичната пресметка за резултатите на работењето што ја составува според прописите за составување на периодичните пресметки на стопанските организации.

Странско лице е должно да го води книговодството за целокупното свое работење во Југославија според одредбите на Законот за книговодството на стопанските организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/65 и 29/65)."

Член 3

Во членот 120 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Со републички закон може да се определи месниот самопридонес за определени намени од ставот 1 на овој член да можат да го воведуваат општините за целата територија на општината или за подрачјето на повеќе месни заедници и да се определи начинот и условите за воведување таков месен самопридонес од страна на општината."

Член 4

По членот 188б се додаваат нови членови 188в и 188г, кои гласат:

„Член 188в

Странско правно лице ќе се казни за стопански престап:

1) со парична казна од 500 до 100.000 динари ако не постапи според одредбите на членот 34а ст. 1 и 2 од овој закон;

2) со парична казна од 500 до 50.000 динари ако не постапи според одредбата на членот 34а став 3 од овој закон.

Член 188г

Странец што не ќе постапи според одредбите на членот 34а ст. 1, 2 и 3 од овој закон ќе се казни за прекршок со парична казна од 500 до 10.000 динари."

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**227.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА ЦАРИНСКИОТ ЗАКОН

Се прогласува Законот за измена и дополнение на Царинскиот закон, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 24 март 1967 година и на седницата на Стопанскиот собор од 28 март 1967 година.

П.Р. бр. 551
29 март 1967 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
Едвард Кардељ, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА ЦАРИНСКИОТ ЗАКОН

Член 1

Во Царинскиот закон („Службен лист на ФНРЈ", бр. 24/59 и 13/63 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 16/65) во членот 169а во уводната реченица по зборовите: „овој закон," се додаваат зборовите: „како и за вршење на редовната дејност,". Во точката 2 стопата: „5%" се заменува со стопата: „50%".

Член 2

Во членот 169б став 1 по зборовите: „за сузбивање на царинските прекршоци," се додаваат зборовите: „за вршење на редовната дејност но најмногу до 50% од вкупниот износ на средствата на посебната сметка,".

Член 3

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**228.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАЈВИСОКАТА ГРАНИЦА ДО КОЈА МОЖАТ ДА СЕ ОПРЕДЕЛАТ СТОПИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА СИТЕ ГРАНКИ НА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ВО 1967 ГОДИНА

Се прогласува Законот за дополнение на Законот за највисоката граница до која можат да се определат стопите на придонесите за сите гранки на социјално осигурување во 1967 година, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 28 февруари 1967 година и на седницата на Социјално-здравствениот собор од 28 март 1967 година.

П.Р. бр. 553
29 март 1967 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
Едвард Кардељ, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАЈВИСОКАТА ГРАНИЦА ДО КОЈА МОЖАТ ДА СЕ ОПРЕДЕЛАТ СТОПИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА СИТЕ ГРАНКИ НА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ВО 1967 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за највисоката граница до која можат да се определат стопите на придонесите за сите гранки на социјално осигурување во 1967 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/66) во членот 3 став 2 на крајот се додава нова реченица, која гласи: „Овие средства во височина од 1% од бруто-износот на личните доходи не можат да се користат за покривање на вишокот на расходите над приходите односно за трајно покривање на расходите на фондот на инвалидското и пензиското осигурување во текот на годината."

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**229.**

Врз основа на членот 178 алинеја 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, во врска со членот 6 ст. 3 и 4 од Законот за Наградата на Антифашистичкото веќе на народното ослободување на Југославија, Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 24 март 1967 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ ЗА НАГРАДАТА НА АНТИФАШИСТИЧКОТО ВЕЌЕ НА НАРОДНОТО ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. За претседател на Одборот за Наградата на Антифашистичкото веќе на народното ослободување на Југославија се именува Чолаковиќ Родољуб, сојузен пратеник.

2. За членови на Одборот за Наградата на Антифашистичкото веќе на народното ослободување на Југославија се именуваат:

Данон Оскар, композитор;
Давичо Оскар, писател;
Дева Кемал, член на Извршниот совет на СР Србија;
Фрањичевиќ Јуре, писател;
Малинска Веселинка, член на Извршниот совет на СР Македонија;
Миниќ Милка, сојузен пратеник;
Муезиновиќ Исмет, академски сликар;
Попов др Благој, професор на Универзитетот во Скопје;
Супек др Иван, професор на Универзитетот во Загреб;
Шегедин др Ружа, претседател на Социјално-здравствениот собор на Собранието на СР Словенија;
Шошкиќ Будислав, член на Извршниот комитет на ЦК СК на Југославија;
Тодоровиќ др Коста, редовен член на Српската академија на науките и уметностите;
Вукотиќ Душан, филмски режисер; и
Зихерл Борис, професор на Универзитетот во Љубљана.

АС бр. 786
25 март 1967 година
Белград

Сојузна скупштина

Претседател
на Сојузната скупштина,
Едвард Кардељ, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
Милош Миниќ, с. р.

**231.**

Врз основа на членот 34 ст. 5 и 6 од Основниот закон за придонесите и даноците на граѓаните („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/64, 52/66 и 15/67), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОСЕБНИТЕ ПРИДОНЕСИ, ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ДОБИВКАТА И ЗА КОНТРОЛА НА ПРЕСМЕТУВАЊЕТО И ПЛАЌАЊЕТО НА ДАНОКОТ НА ДОБИВКА И ПОСЕБНИТЕ ПРИДОНЕСИ ОД СТРАНСКИ ИЗВЕДУВАЧИ НА ИНВЕСТИЦИОНИ РАБОТИ ВО ЈУГОСЛАВИЈА

1. Посебни придонеси што, во смисла на членот 34 став 5 од Основниот закон за придонесите и даноците на граѓаните, се должни, покрај данокот на добивка, да ги плаќаат странски државјани, странски приватни лица и странски организации (во понатамошниот текст: странски лица), се: придонесот за обнова и изградба на Скопје и придонесот за покривање на разликата во станарината на работниците запослени на изведување инвестициони работи во Југославија.

Придонесот за обнова и изградба на Скопје се плаќа по стопа од 1% од основицата што ја сочинува вкупниот личен доход на сите запослени работници, а придонесот за покривање на разликата во станарината — по стопа од 2% од основицата што ја сочинува вкупниот износ на личните доходи на домашните работници запослени кај странски лица. Придонесот за обнова и изградба на Скопје е приход на град Скопје, а придонесот за покривање на разликата во станарината е приход на општината.

Придонесите од ставот 2 на оваа точка се пресметуваат, се уплатуваат и се користат на начинот предвиден со Законот за придонесите за обнова и изградба на Скопје („Службен лист на СФРЈ", бр. 51/64 и 29/65) и со Законот за издвојување средства за станбена изградба („Службен лист на СФРЈ", бр. 35/65 и 56/65) и со прописите донесени врз основа на тие закони.

2. Вкупниот приход на странски лица го сочинува вредноста на извршените работи по привремени и конечни ситуации, вредноста на материјалот потрошен за изградбата на инвестиционен објект, вредноста на извршените услуги што не се опфатени со привремените или конечните ситуации, како и другите вредности што ќе ги оствари странско лице во врска со изведување работи во Југославија, без оглед на тоа дали сите тие вредности се наплатени и без оглед на тоа дали за споменатите ситуации, испораки и услуги се издаваат фактури.

Во вкупниот приход на странско лице влегува и вредноста на услугите што тоа лице ќе им ги стори на други без надоместок, како и премиите добиени за завршување на работите пред договорениот рок.

3. Како трошоци на работењето (член 34 став 3 од Основниот закон за придонесите и даноците на граѓаните) се подразбираат материјалните и други трошоци на работењето, интересот на позајмени средства и амортизацијата.

4. Материјалните и други трошоци на работењето се признаваат според одредбите на Наредбата за материјалните и другите трошоци на работењето на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 19/61, 4/62 и 22/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 26/63, 40/63, 3/64, 31/64 и 57/65).

Вредноста на потрошените материјали при изведување на инвестициони работи во Југославија (суровини, полупроизводи, готови производи, гориво, мазиво, помошен материјал, ситен инвентар и алат) што ги увезло странско лице се признава како материјален трошок по цените што не можат да бидат повисоки од цените по кои домашни претпријатија ги увезуваат односните материјали.

5. Амортизацијата се признава како трошок на работењето само на вредноста на предметите што се користат за изведување на работите, и тоа во износите пресметани по најниските (минималните) стопи определени со Законот за стопите на амортизацијата на основните средства на работните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/66).

6. Како лични доходи на работниците (член 34 став 3 од Основниот закон за придонесите и даноците на граѓаните) се подразбираат паричните примања на работниците во смисла на членот 40 од Основниот закон за придонесите и даноците на граѓаните, од кои се плаќаат придонесите од личниот доход од работен однос.

7. Во поглед правилноста на составувањето на завршната сметка и периодичните пресметки, како и правилноста на пресметувањето и плаќањето на данокот на добивка и посебните придонеси, контрола врши Службата на општественото книговодство.

8. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 32
15 февруари 1967 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Петар Стамболиќ, с. р.**

**232**

Врз основа на членот 112 став 1 од Основниот закон за рударството („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/66), во согласност со сојузниот секретар за труд, сојузниот секретар за индустрија и трговија пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА МЕРКИТЕ НА ЗАШТИТА ПРИ ПОДЗЕМНА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА КАМЕНА СОЛ

Член 1

Во Прописите за мерките на заштита при подземна експлоатација на камена сол (Додаток на „Службен лист на СФРЈ", бр. 52/65), кои се составен дел од Правилникот за мерките на заштита при подземна експлоатација на камена сол („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/65) во членот 1 став 2 зборовите: „Додатак »Службеног листа ФНРЈ«, бр. 9/63 и »Службеног листа СФРЈ«, бр. 37/64" се заменуваат со зборовите: „Додатак „Службеног листа СФРЈ", бр. 11/67)".

Член 2

Членот 2 се брише.

Член 3

Во членот 3 став 1 по зборот: „и" се додава зборот: „заштитне".

Член 4

Во членот 5 став 1 зборовите: „специјализована за сона лежишта" се заменуваат со зборот: „предузећа".

Во ставот 2 зборот: „продором" се заменува со зборовите: „услед продора".

Член 5

Во членот 6 ставот 2 се менува и гласи:

„Ако се при дубинском бушењу наиђе на више водоносних хоризоната, мора се сваки водоносни хоризонт на који се наиђе посебно добро затворити пре него што се настави бушење испод нивоа тог хоризонта. Затварање водоносног хоризонта врши се уграђивањем заштитних колона уз претходно постављање глинених чепова у делу бушотине ис-

под водоносног хоризонта. Ако затварање водоносног хоризонта треба извршити на контакту глинац — со, заштитну колону треба цементирати одговарајућим средством које обезбеђује непропусност у сланој средини."

Член 6

Во членот 9 став 1 зборовите: „заглињавањем или цементирањем, односно комбинацијом ова два поступка, на начин" се заменуваат со зборовите: „на сврсисходан начин".

Во ставот 2 по зборот: „надзором" се додаваат зборовите: „који одреди технички руководилац рударске организације".

Во ставот 3 зборовите: „подручја јаме" се заменуваат со зборовите: „јамских радова".

Член 7

Во членот 11 по зборот: „радовима" зборот: „на" се брише, а по бројот: „37/64" се додаваат зборовите: „и 2/67".

Член 8

Во членот 14 став 1 зборот: „специјализовано" се брише.

Член 9

Во членот 17 став 1 зборот: „дубинских" и зборовите: „за цеви" се бришат.

Во ставот 3 зборовите: „за цеви за замрзавање" се заменуваат со зборовите: „за замрзавање да би се обезбедило затварање леденог плашта".

Член 10

Во членот 18 став 1 по зборот: „излазне" се додава зборот: „расхладне". Втората реченица се менува и гласи: „у ту сврху морају се у пројекту предвидети контролне бушотине за мерење температуре.".

Член 11

Членот 19 се брише.

Член 12

Во членот 20 став 1 по зборот: „воде" се додаваат зборовите: „и гасова", а зборовите: „дубоким најмање 1,5 m" се заменуваат со зборовите: „1 m дужим од минских рупа".

Член 13

Во членот 22 став 1 зборовите: „при изградњи" се заменуваат со зборовите: „при пројектовању и изградњи".

Во ставот 2 по зборот: „изводити" запирката и зборовите: „по правилу," се бришат.

Член 14

Во членот 23 став 2 по зборот: „стене," се додаваат зборовите: „а нарочито ако се прослојци у крову ходника листасто одвајају,".

Член 15

Во членот 24 став 2 по зборот: „сидрење" запирката и зборовите до крајот се бришат.

Член 16

Во членот 25 зборовите: „где је то потребно" се бришат.

Член 17

Во членот 26 ставот 2 се брише.

Член 18

Во членот 27 бројот: „46" се заменува со бројот: „25".

Член 19

Во членот 28 по зборот: „ходника" запирката се брише и се додава зборот: „за".

Член 20

Во членот 29 став 1 втората реченица се менува и гласи: „Ради заштите од ненадне појаве односно провале гасова или воде ушће бушотине мора бити опремљено уређајем којим ће се бушотина у случају потребе моћи сигурно затворити.".

Ставот 2 се менува и гласи:

„При изради ходника уже припреме лежишта треба предвртавати са три бушотине од којих ће свака бити 1 m дужа од минске рупе."

Во ставот 3 зборовите: „предузеће мора донети одговарајуће упутство и доставити га на одобрење органу надлежном за одобрење пројекта" се заменуваат со зборовите: „технички руководилац погона мора донети одговарајуће упутство".

Член 21

Во членот 30 став 1 зборовите: „надзорни органи дужни су" се заменуваат со зборовите: „надзорно особље дужно је".

Член 22

Членот 31 се менува и гласи:

„Машинске и друге коморе морају се изградити тако да се њима не ослабљује сигурносни стуб окна.

Сабирнике за сланицу, машинске коморе, ремизе, радионице, складишта и сл. треба изградити у компактној соли односно соним стенама.

У слабијим стенама те просторије морају се обзидати односно подградити.".

Член 23

Во членот 32 став 1 по зборовите: „Откопавање соних лежишта" се додаваат зборовите: „са водоносним наслагама".

Член 24

Во членот 33 став 1 зборовите: „Метода откопавања" се заменуваат со зборовите: „Пробно откопавање".

Член 25

Во членот 34 точка 1 зборовите: „механичких испитивања" се заменуваат со зборовите: „испитивања механичких особина".

Во точката 5 по зборот: „проветравања" се додава зборот: „откопа".

Член 26

Во членот 35 ставот 1 се брише.

Досегашниот став 2 станува став 1.

Член 27

Во членот 38 зборот: „стропних" се заменува со зборовите: „кровних заштитних".

Член 28

Во членот 39 став 1 втората реченица се брише.

Во ставот 2 по зборот: „вредност" запирката и зборовите до крајот се бришат.

Член 29

Во членот 41 став 1 во првата реченица по зборовите: „хоризонтима" се додаваат зборовите: „код откопавања лежишта са водоносним наслагама, ако се мора сачувати непоремећена структура лежишта,".

Во ставот 2 по зборот: „кровне" се додава зборот: „заштитне".

Член 30

Во членот 43 став 1 зборовите: „пречни ходник због" се заменуваат со зборовите: „слој ради".

Во ставот 2 зборовите: „Пречни ходник" се заменуваат со зборовите: „Слој из става 1. овог члана".

Член 31

Членот 44 се менува и гласи:

„При изради споја из члана 43. ових прописа мора се вршити предвртавање према члану 29. став 2. ових прописа."

Член 32

Во членот 45 по зборовите: „компактности стена" запирката и зборовите до крајот се бришат.

Член 33

Во членот 46 зборовите: „Откопно радилиште у комори" се заменуваат со зборовите: „При откопавању у коморама откопно градилиште".

Член 34

Во членот 48 зборот: „рефлектором" се бришат.

Член 35

Во членот 49 зборовите: „последње највише плоче" се заменуваат со зборовите: „последњег највишег појаса".

Член 36

Во членот 50 по зборот: „ширине" запирката и зборовите до крајот се бришат.

Член 37

Во членот 54 зборовите: „(члан 35. став 1. тачка 3.)" се бришат.

Член 38

Во членот 56 зборот: „прскалицама" се заменува со зборовите: „излуживањем водом помоћу прскалица", а по зборот: „засвођени" запирката и зборовите до крајот се бришат.

Член 39

Во членот 57 став 1 по зборот: „прекорачити" запирката и зборовите до крајот се бришат.

Член 40

Во членот 58 став 1 зборот: „једнокоморно" се заменува со зборот: „једнакомерно".

Во ставот 2 во втората реченица по зборот: „и" се додава зборот: „опрезним".

Член 41

Во членот 60 став 2 зборот: „затворена" се заменува се зборот: „затворна".

Член 42

Во членот 61 зборовите: „са излуживањем" се заменуваат со зборовите: „за излуживање", а зборот: „рефлекторима" се брише.

Член 43

Членот 62 се брише.

Член 44

Во членот 63 точка 2 зборовите: „ако излуживање не иде правилно" се заменуваат со зборовите: „ако се излуживање правилно не одвија".

Во точката 4 по зборот: „тампонима" се додаваат зборовите: „или на други начин".

Член 45

Во членот 73 зборот: „разупирања" се брише.

Член 46

Во членот 77 став 2 зборот: „просек" се заменува со зборот: „пресек".

Член 47

Во членот 79 став 1 зборовите: „набијањем олова у пукотине" се бришат.

Член 48

Членот 80 се менува и гласи:

„Ако је окно изграђено кроз водоносне повлатне наслаге, технички руководилац рударске организације дужан је издати детаљно упутство за обезбеђење, одржавање и контролу подграде односно облоге тог окна, с обзиром на специфичне опасности сагледане у току изградње окна."

Член 49

Во членот 85 по зборот: „Кровне" се додава зборот: „заштитне", а зборовите: „полице од" се заменуваат со зборовите: „појасеви код".

Член 50

Членот 86 се менува и гласи:

„Заштитни стуб извозних или ветрених окана изграђених кроз водоносне наслаге мора бити цилиндар полупречника 100 m и његова се оса мора поклапати са осом окна."

Член 51

Во членот 89 зборовите: „техничка служба предузећа" се заменуваат со зборовите: „технички руководилац рударске организације, по прибављању мишљења службе заштите на раду предузећа".

Член 52

Членот 90 се менува и гласи:

„Послови минирања врше се по одредбама Прописа о мерама заштите при руковању експлозивним средствима и минирању у рударству (Додатак „Службеног листа СФРЈ", бр. 9/67), ако овим прописима није друкчије одређено."

Член 53

Во членот 91 став 1 во втората реченица по зборот: „окана" се додаваат зборовите: „изграђених кроз водоносне наслаге".

Член 54

Во членот 93 став 1 зборот: „блокова" се заменува со зборот: „бокова".

Во ставот 2 по зборот: „растресу" зборовите до крајот се бришат.

Член 55

Членот 95 се брише

Член 56

Во членот 96 став 4 зборовите: „Предузеће је дужно" се заменуваат со зборовите: „Технички руководилац погона је дужан".

Член 57

Во членот 99 став 2 точка 1 зборовите: „генералног пројекта" се заменуваат со зборовите: „рударских пројеката".

Член 58

Во членот 101 втората реченица се менува и гласи: „Резултате тог испитивања и евентуална друга запажања треба пријавити рударском органу ради одређивања степена опасности радилишта.".

Член 59

Членот 103 се брише.

Член 60

Членот 107 се менува и гласи:

„Надзорно особље рудника мора бити опремљено индикаторима за испитивање садржаја метана и осталих угљеноводоника, угљендиоксида и сумпорводоника."

Член 61

Во членот 112 втората реченица се брише.

Член 62

Членот 114 се менува и гласи:

„Ако се на основу хидролошког проучавања соног лежишта и његове околине, или на основу предвртавања, закључи да би могло доћи до продора воде у јаму, нарочито у фази њеног отварања и разраде, треба обезбедити јаму баражама изграђеним у ходницима у компактном материјалу.“

Член 63

Во членот 115 ставот 1 се менува и гласи:

„Бараже се могу изграђивати само на основу пројекта бараже и у споразуму са геолошком службом предузећа.“

Член 64

Во членот 120 став 2 зборовите: „став 2“ се бришат.

Член 65

Во членот 121 зборовите: „Технички прописи за електроенергетска постројења на местима угроженим од експлозивних смеша при истраживању и експлоатацији нафте и природних гасова дубинским бушотинама (Додатак „Службеног листа ФНРЈ“, бр. 31/61)“ се заменуваат со зборовите: „Прописи о електричним постројењима на надземним местима угроженим од експлозивних смеша“.

Член 66

Членот 122 се брише.

Член 67

Овој правилник влегува во сила по истекот на триесет дена од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 701
29 март 1967 година
Београд

Сојузен секретар
за индустрија и трговија,
**Хакија Поздерац**, с. р.

## 233.

Врз основа на членот 44 став 3 од Основниот закон за придонесите и даноците на граѓаните („Службен лист на СФРЈ“, бр. 32/64 и 52/66), сојузниот секретар за финансии издава

# НАРЕДБА

## ЗА ИЗМЕНА НА НАРЕДБАТА ЗА ВИСОЧИНАТА НА ИЗНОСОТ НА СТРАНСКА ВАЛУТА ОД КОЈ НЕ СЕ ПЛАЌА ПРИДОНЕС ОД ЛИЧНИОТ ДОХОД ОД РАБОТЕН ОДНОС

1. Во Наредбата за височината на износот на странска валута од кој не се плаќа придонес од личниот доход од работен однос („Службен лист на СФРЈ“, бр. 9/65, 20/65 и 48/65) во точката 2 во одредбата под 2 зборовите: „до 1.875 динари“ се заменуваат со зборовите: „до 37,50 динари“.

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 4-3066/1
25 март 1967 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
**Киро Глигоров**, с. р

## 234.

Врз основа на членот 12 од Основниот закон за статистиката („Службен лист на СФРЈ“, бр. 21/66), во врска со Одлуката за донесување на Планот на статистичките истражувања за 1967 година („Службен лист на СФРЈ“, бр. 2/67), генералниот директор на Сојузниот завод за статистика донесува

# РЕШЕНИЕ

## ЗА СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ ЗА ТРАКТОРИТЕ НА ИНДИВИДУАЛНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА

1. Од 15 до 20 април 1967 година ќе се соберат определени податоци за тракторите на индивидуални земјоделски стопанства.

2. Податоците од точката 1 на ова решение опфаќаат: број и вид на трактори (трактори на тркала; трактори на гасеници), како и нивната погонска сила.

3. Извештаите со податоците од точката 2 на ова решение ги составуваат општинските органи што располагаат со тие податоци и им ги доставуваат на општинските статистички органи односно организации. Овие извештаи се составуваат на посебен образец (ПО—93—Т).

4. Со подготвителните дејствија, организацијата и спроведувањето на собирањето на податоците од точката 2 на ова решение ќе раководат Сојузниот завод за статистика и републичките заводи за статистика.

5. Собраните податоци ќе служат исклучиво за статистички цели.

6. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 95-1880/1
23 март 1967 година
Белград

Генерален директор
на Сојузниот завод
за статистика,
**Ибрахим Латифиќ**, с. р.

## 235.

Врз основа на членот 12 од Основниот закон за статистиката („Службен лист на СФРЈ“, бр. 21/66), во врска со Одлуката за донесување на Планот на статистичките истражувања за 1967 година („Службен лист на СФРЈ“, бр. 2/67), генералниот директор на Сојузниот завод за статистика донесува

# РЕШЕНИЕ

## ЗА ДОПОЛНИТЕЛНО ПОДГОТВИТЕЛНО ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ПОПИСОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ СТОПАНСТВА ВО 1969 ГОДИНА

1. Заради подготвување на пописот на земјоделските стопанства во 1969 година, од 15 до 31 мај 1967 година ќе се изврши дополнително подготвително истражување на индивидуалните земјоделски стопанства што се наоѓаат на определени подрачја (статистички кругови) на територирите на општините: Мостар, Колашин, Сисак, Титов Велес, Цеље, Ивањица, Суботица и Косовска Митровица (во понатамошниот текст: подготвително истражување).

2. Подготвителното истражување опфаќа собирање определени податоци од индивидуалните земјоделски стопанства наменети за проверување како се поставени прашањата во пописниците и колку се јасни упатствата, како и за добивање на елементите за организацијата и спроведувањето на пописот на земјоделските стопанства во 1969 година.

3. Единица на подготвително истражување е секое домаќинство што се наоѓа на определено подрачје на општините од точката 1 на ова решение.

4. Во вршењето на подготвителното истражување учествуваат Сојузниот завод за статистика, заводите за статистика во републиките и попишувачите.

5. Подготвителното истражување ќе се изврши според упатствата и на обрасците што ќе ги утврди Сојузниот завод за статистика.

6. Податоците собрани со подготвителното истражување ќе служат исклучиво за статистички цели.

7. Учесниците во вршењето на подготвителното истражување се должни да го чуваат како службена тајна сето она што ќе го узнаат при собирањето и обработката на податоците.

8. Домаќинствата опфатени со подготвителното истражување се должни да им даваат на попишувачите потполни и точни податоци (член 21 од Основниот закон за статистиката).

9. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 95-1906/1
23 март 1967 година
Белград

Генерален директор
на Сојузниот завод
за статистика,
**Ибрахим Латифиќ**, с. р.

**236.**

Врз основа на членот 90 став 2 од Законот за банките и кредитните работи („Службен лист на СФРЈ“, бр. 12/65, 29/65, 4/66, 26/66 и 1/67), гувернерот на Народната банка на Југославија донесува

## ОДЛУКА

## ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ШТО ДЕЛОВНИТЕ БАНКИ МОЖАТ ДА ГИ КОРИСТАТ ЗА ДАВАЊЕ ИНВЕСТИЦИОНИ КРЕДИТИ

1. Во Одлуката за определување на средствата што деловните банки можат да ги користат за давање инвестициони кредити („Службен лист на СФРЈ“, бр. 51/66) во точката 3 став 2 зборовите: „до 31 март 1967 година“ се заменуваат со зборовите: „до 30 јуни 1967 година“.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

О. бр. 33
28 март 1967 година
Белград

**Народна банка на Југославија**

Гувернер,
**Никола Миљаниќ**, с. р.

**237.**

Врз основа на членот 16 став 2 од Законот за сојузниот буџет за 1967 година („Службен лист на СФРЈ“, бр. 52/66), во спогодба со сојузниот секретар за финансии, претседателот на Сојузната комисија за нуклеарна енергија издава

## НАРЕДБА

## ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ И ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЈНОСТИ ВО ОБЛАСТА НА НУКЛЕАРНАТА ЕНЕРГИЈА, ПРЕДВИДЕНИ СО СОЈУЗНИОТ БУЏЕТ ЗА 1967 ГОДИНА

1. Средствата за научноистражувачки дејности во областа на нуклеарната енергија, предвидени во разделот 33, позиција 187, подгрупа 14-2 на сојузниот буџет за 1967 година (во понатамошниот текст: средствата) чиј носител е Сојузната комисија за нуклеарна енергија (во понатамошниот текст: Комисијата) можат да им се даваат на научноистражувачки и други работни организации (во понатамошниот текст: корисникот) само за работите, проектите — групи теми и други истражувања што се предвидени во Програмата за употреба на средствата предвидени во сојузниот буџет за 1967 година за научноистражувачки дејности во областа на нуклеарната енергија (во понатамошниот текст: Програмата).

Средствата му се даваат на корисникот врз основа на договор за непосредно изведување на работите, за проектите — групи теми, како и за други истражувања. Договорот го склучуваат Комисијата и корисникот.

2. За извршување на работите, проектите — групи теми и други истражувања од Програмата, корисниците и поднесуваат на Комисијата писмени понуди.

Врз основа на прифатените понуди од ставот 1 на оваа точка Комисијата, согласно со Програмата, склучува со корисниците договори за извршување на работите, проектите — групи теми и други истражувања. Договорот се склучува во писмена форма.

Ако во изведувањето на работите, проектите — групи теми и други истражувања учествуваат повеќе корисници, Комисијата склучува договор со секој од тие корисници.

3. Ако е во Програмата предвидено корисникот да учествува во финансирањето на работите, проектите — групи теми и други истражувања, корисникот е должен пред склучувањето на договорот од точката 2 на оваа наредба да поднесе доказ дека има обезбедено средства за учество.

Со договорот може да се предвиди во финансирањето на работите, проектите — групи теми и другите истражувања да учествуваат и корисници што според Програмата не се должни на учество, како и организации и лица што не се корисници.

4. Договорот склучен помеѓу Комисијата и корисникот, покрај општите податоци, треба да содржи особено: обврски и права на Комисијата во поглед на исплатата на средствата и давањето аванси за извршување на работите определени со договорот; обврски на корисникот за водење евиденција за одделни фази од извршувањето на работите, проектите — групи теми и другите истражувања; обврски за вршење контрола над изведувањето на работите и право на Комисијата да ги запре работите, ако не се изведуваат работите во согласност со договорот; обврски на корисникот дека ќе ги изврши работите во договорениот рок, квалитетно и во согласност со Програмата, како и да ги врати средствата примени од сојузниот буџет, ако работите не се извршени во согласност со договорот.

5. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 835/1
31 март 1967 година
Белград

**Сојузна комисија за нуклеарна енергија**

Претседател,
**Воин Гузина**, с. р.

По извршеното споредување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Законот за формирањето и општествената контрола на цените, објавен во „Службен лист на СФРЈ“, бр. 12/67) се поткраднале долу наведените грешки, та се дава

## ИСПРАВКА

## НА ЗАКОНОТ ЗА ФОРМИРАЊЕТО И ОПШТЕСТВЕНАТА КОНТРОЛА НА ЦЕНИТЕ

1. Во членот 29 треба да се додаде по погрешка изоставениот став 1, кој гласи:

„Спогодбата за промена на затечените цени се склучува во писмена форма.“

2. Во чл. 14, 16 и 26 ст. 1, 2, 4 и 5, чл. 30 и 31 став 1, чл. 32 и 33 став 1, чл. 34 и 38 став 2 и во членот 39 наместо зборовите: „органот за цени" треба да стојат зборовите: „органот на управата надлежен за цени".

3. Во членот 40 во уводната реченица наместо зборот: „стопанска" треба да стои зборот: „работна".

Од Законодавно-правната комисија на Сојузната скупштина, Белград, 30 март 1967 година.

---

По извршеното споредување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Правилникот за водење евиденција за прометот и начинот на пресметување и плаќање аконтации од данокот на промет на стоки на мало и за примена на даночните стопи и ослободувања, објавен во „Службен лист на СФРЈ", бр. 13/67, се поткраднале долу наведените грешки, та се дава

## ИСПРАВКА

### НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ПРОМЕТОТ И НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ АКОНТАЦИИ ОД ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ НА СТОКИ НА МАЛО И ЗА ПРИМЕНА НА ДАНОЧНИТЕ СТОПИ И ОСЛОБОДУВАЊА

Во членот 30 став 1, зборовите во заграда: „од Законот за Тарифата на сојузниот данок на промет" треба да се бришат.

Во членот 63 став 3, во шестиот ред, наместо бројот: „4" треба да стои бројот: „3".

Во членот 66 став 2, во четвртиот ред, наместо зборовите: „точката 3" треба да стои: „точката 2".

Во образецот ППР-ДП наименувањето во колоната 11 треба да гласи: „Уплата на сојузниот данок на промет извршена на сметката на Службата на општественото книговодство".

Од Сојузниот секретаријат за финансии, Белград, 31 март 1967 година

---

# ОД ЅЛУЖБЕНИТЕ ЛИСТОВИ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИТЕ РЕПУБЛИКИ

## СЛУЖБЕНИ ЛИСТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА ЦРНА ГОРА

„Службени лист Социјалистичке Републике Црне Горе" во бројот 20 од 20 септември 1966 година објавува:

**Исправка** на Одлуката за потврда на Статутот на Поморскиот музеј во Котор;

**Исправка** на Одлуката за потврда на Статутот на Републичкиот завод за здравствена заштита — Титоград.

Во бројот 21 од 1 октомври 1966 година објавува:

**Одлука** на Уставниот суд на СР ЦГ за утврдување на несогласноста на членот 51 од Правилникот за распределба на личните доходи на членовите на работната организација на Собирното основно училиште во Лозна бр. 544 и одлуката на Наставничкиот совет од истото училиште бр. 838 со членот 14 од Уставот на СР ЦГ;

**Решение** за определување вкупниот број на членовите на Советот на Комбинатот за алуминиум — Претпријатие во основање во Титоград и за именување членови на Советот што ги именува основачот;

**Правилник** за обрасците и за водење евиденција на живеалиштето и престојот на граѓаните;

**Одлука** за височината на постојаниот износ на име учество во трошоците за користење на издадените лекови во 1966 година.

Во бројот 22 од 15 октомври 1966 година објавува:

**Закон** за стопанските судови во СР ЦГ;

**Закон** за измени и дополненија на Законот за буџетот на СР ЦГ за 1966 година;

**Закон** за дополнение на Законот за службата на внатрешните работи;

**Упатство** за особините на козите од чистокрвна санска раса, начинот на држење кози во шталско одгледување и за постапката за продажба на одземените кози;

**Упатство** за елементите што треба да ги содржи одлуката што го заменува урбанистичкиот план.

---

## СОДРЖИНА:


| | | Страна |
|---|---|---|
| 223. | Закон за измени и дополненија на Кривичниот законик — — — — — — | 357 |
| 224. | Закон за измени на Основниот закон за прекршоците — — — — — — — | 358 |
| 225. | Основен закон за правосудниот испит — | 359 |
| 226. | Закон за дополнение на Основниот закон за придонесите и даноците на граѓаните | 360 |
| 227. | Закон за измена и дополнение на Царинскиот закон — — — — — — — | 361 |
| 228. | Закон за дополнение за Законот за највисоката граница до која можат да се определат стопите на придонесите за сите гранки на социјално осигурување во 1967 година — — — — — — — — — — | 361 |
| 229. | Одлука за именување претседател и членови на Одборот за Наградата на Антифашистичкото веќе на народното ослободување на Југославија — — — — — | 361 |
| 230. | Уредбта за воведување матична евиденција за осигурениците и уживателите на пензии, за пријавување на податоците за матичната евиденција и за регистрација на тие податоци — — — — — — | 362 |
| 231. | Одлука за определување на посебните придонеси, за утврдување на добивката и за контрола на пресметувањето и плаќањето на данокот на добивка и посебните придонеси од странски изведувачи на инвестициони работи во Југославија — — | 363 |
| 232. | Правилник за измени и дополненија на Правилникот за мерките на заштита при подземна експлоатација на камена сол | 363 |
| 233. | Наредба за измена на Наредбата за височината на износот на странска валута од кој не се плаќа придонес од личниот доход од работен однос — — — — — | 366 |
| 234. | Решение за собирање податоци за тракторите на индивидуални земјоделски стопанства — — — — — — — — — — | 366 |
| 235. | Решение за дополнително подготвително истражување за пописот на земјоделските стопанства во 1969 година — — — | 366 |
| 236. | Одлука за измена на Одлуката за определување на средствата што деловните банки можат да ги користат за давање инвестициони кредити — — — — — | 367 |
| 237. | Наредба за поблиските услови и за начинот на користење на средствата за научноистражувачки дејности во областа на нуклеарната енергија, предвидени со сојузниот буџет за 1967 година — — | 367 |
| | Исправка на Законот за формирањето и општествената контрола на цените — | 367 |
| | Исправка на Правилникот за водење евиденција за прометот и начинот на пресметување и плаќање аконтации од данокот на промет на стоки на мало и за примена на даночните стопи и ослободувања | 368 |


Издава Новинска установа „Службен лист на СФРЈ", Белград, Јована Ристиќа 1. Пошт. фах 226. — Директор и одговорен уредник Љубодраг Ѓуриќ, Улица Јована Ристиќа бр. 1. — Печат на Белградскиот графички завод, Белград